**ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ**

**Контролор**

**Друштво за трговија и услуги КОРПА ДОО Скопје,**

**Ул. 1732 бр.4/ламела Б-лево Скопје – Центар**

## 1. Општо

***КОРПА ДОО*** (во понатамошниот текст како **КОРПА**), посветува значително внимание на заштитата на личните податоци во секој сегмент на деловните процеси, преку примена на стандардите утврдени со законските и подзаконските прописи за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија, како и со интерните акти на друштвото.

Оваа Политика на приватност дава општи информации за обработката на личните податоци кога ја посетувате нашата веб-страница www.korpa.mk (во натамошниот текст “Страница” ) и/или кога ја користите на друг начин, односно кога оставате свои податоци во неа.

Оваа Политика на приватност е во согласност со Законот за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, објавен во Службен весник бр.42 од 16.02.2020 година.

Ние ја почитуваме Вашата приватност и собираме, обработуваме и чуваме лични податоци, законито, транспарентно и правично, во согласност со законските прописи и со правните основи утврдени во нив. Притоа, обработката е ограничена само на оние лични податоци што се неопходни за исполнување на целта заради која се обработуваат.

## 2. Чии податоци обработуваме?

Во зависност од тоа како ќе изберете да комуницирате со нас, ние собираме разни видови податоци за Вас. Понекогаш ни ги давате директно (на пр. кога ќе ни поставите прашање и сл), понекогаш ги собираме ние (на пр. кориситиме колачиња за да разбереме како ја користите нашата страница), а понекогаш добиваме податоци од веб-страници/апликации на трети страни (социјални мрежи).
Податоците што КОРПА ги собира и складира на своите сервери се само оние податоци кои се неопходни за користење на страницата и апликациите, како и за професионалните односи помеѓу КОРПА и корисниците.
Притоа, може да собираме податоци поврзани со следниве категории на лица:

**Посетители на нашата интернет страница** Вообичаено собираме податоци за навигација кои се користат за анализирањето на податоците од посетителите на нашата веб-страна како и за одржување на информациска сигурност на нашата веб

страна. Повеќе за употребата на колачиња прочитајте ја нашата Политика за користење на колачиња (линк).
**Лица кои се обратиле со прашање преку контакт формата на нашата интернет страница (www.korpa.mk)** Личните податоци што ги доставувате при користење на контакт формата се користат со цел да одговориме на Вашето прашање или барање или да размениме дополнителни податоци поврзани со барањето. Правен основ за обработка на Вашите податоци е Вашата согласност.

**Лица кои се најавиле на делот за** стани партнер, испорачувај со нас и работа во КОРПА.
**Регистрирај се и купување онлајн:** При регистрација на веб-страницата и апликацијата сите наши корисници треба да внесат одредени податоци. Доколку регистрацијата се врши на апликацијата потребно е да внесете телефонскиот број и лозинка. Доколку регистрацијата се врши на веб-страницата, потребно е да внесете корисничко име, е-маил адреса, телефонскиот број и лозинка.

**Другите податоци кои би можеле да се сметаат за лични, корисникот ги внесува само доколку сака.**

По регистрацијата на Платформата, секој корисник добива своја мала страница на Платформата. Корисникот пристапува на оваа страница користејќи лозинка и корисничко име односно број на телефон. Бидејќи лозинката е шифрирана, важно е корисникот да не ја открие никому.
Одредени чуствителни информации се шифрирани со помош на технологијата Secure Socket Layer (SSL) така што ние се стремиме да осигураме дека личните информации на нашите корисници се надвор од дофат на неовластена употреба.

**Корисници на социјални мрежи и платформи:** Собираме податоци преку социјалните мрежи и платформи, преку содржината што самите ја креирате и ја споделувате со нас на социјалните мрежи и платформи на трети лица или доколку комуницирате со нас преку социјалните мрежи и платформи вклучително апликациите или платформите на трети страни како што се Фејсбук, Инстаграм, You Tube и сл. Содржината може да вклучува Ваше име и презиме, корисничко име и други лични податоци кои ги споделувате со нас на социјалните мрежи. Запомнете дека сета содржина што ја објавувате на социјалните прежи и платформи е достапна за јавноста, па затоа бидете внимателни кога споделувате одредени лични податоци. За да дознаете повеќе како **КОРПА** ги добива вашите информации од социјалните мрежи, прочитајте ја Политиката за приватност на соодветната социјална мрежа и платформа.

## *3. Кои категории на лични податоци ги обработуваме за Вас?*

Може да ја користите нашата страница без да ги откриете своите лични податоци. Немате обврска да ги откривате своите лични податоци како услов за користење на нашата страница, освен ако доброволно не доставите податоци за одредена цел.

Бидејќи целосно го почитуваме принципот на минимален обем на податоци, ги собираме само оние поедатоци што се неопходни, релевантни и ограничени на отребите за целите за кои се обработуваат и тоа:

**1. Процес на нарачка**

Ние ги обработуваме личните податоци што ни ги давате кога ја поставувате вашата нарачка. Овие лични податоци се потребни за да се изврши вашата нарачка, да се потврди вашата нарачка и да се процесуира вашата нарачка, плаќање и можно рефундирање на паричните средства. Правната основа за оваа обработка на лични податоци е дека таа е потребна за извршување на договор како што е дефинирано во Законот за заштита на лични податоци. Ние ги обработуваме следните лични податоци во процесот на нарачка:

- Корисницко име (доколку е наведено од страна на корисникот)
- Податици за контакт (број на телефон и/или е-маил адреса)
- Податоци за адреса за достава
- Податоци за нарачка и трансакција
- Податоци за плаќање

**2. Податоци за навигација**

Секогаш кога ќе ја посетите нашата страница, нашиот веб-сервер привремено ги регистрира Вашата IP-адреса, типот на прелистувач, типот на мобилен уред, времето на посета и линкот до посетената страница. Повеќе за употребата на колачињата прочитајте ја нашата Политика за користење колачиња (линк).

**3. Податоци од корисници кои доброволно ги доставуваат до нас**

При Вашата посета на нашата веб-страница, кога поставувате одредено прашање до нас, личните податоци кои ги прибираме од Вас се Вашето име и презиме, електронска (е-маил) адреса и телефонски број.

Личните податоци од Социјални мрежи и платформи: Собираме податоци преку социјалните мрежи и платформи, преку содржината што самите ја креирате и ја споделувате со нас на социјалните мрежи и платформи на трети лица или доколку комуницирате со нас преку социјалните мрежи и платформи вклучително апликациите или платформите на трети страни како што се Фејсбук, Инстаграм, You Tube и сл. Содржината може да вклучува Ваше име презиме, корисничко име и други лични податоци кои Вие ги споделувате со нас на социјалните мрежи.

**4. Оценки на ресторани и услуга на достава**

По процесот на нарачка, од вас се бара да дадете оценка на ресторан или специјализирана продавница и реализирана услуга за достава.

**КОРПА ДОО** ги обработува личните податоци што ги давате при оценка на ресторан ресторан или специјализирана продавница, т.е. нарачани производ и квалитет на

извршена услуга за достава. Ние ги обработуваме следните лични податоци кога објавувате оценки за ресторан или специјализирана продавница и услуга за достава:

- Име (доколку е наведено од страна на корисникот)
- Податици за контакт (број на телефон и/или е-маил адреса)
- Оценка
- Коментар (доколку е наведено од страна на корисникот)

**5. Поддршка за корисници**

Кога ќе го контактирате нашиот оддел за Поддршка за корисници, ние ќе ги користиме личните податоци што ги давате за да одговориме на вашето прашање или да се справиме со вашата жалба. Правната основа за оваа обработка на лични податоци е дека е потребна за извршување на договорот и/или за усогласување со законските обврски на КОРПА ДОО како што е дефинирано во Законот за заштита на лични податоци. Ние ги обработуваме следните лични податоци за потребите на услугите на клиентите:

- Име и презиме (доколку е наведено од страна на корисникот)
- Податици за контакт (број на телефон и е-маил адреса)
- Податоци за адреса (ако е применливо)
- Податоци за нарачка и трансакција
- Податоци за плаќање (ако е применливо)
- Коментари (ако е применливо)

**6. Кориснички профил**

Ако имате интеракција со нашите услуги, ви се дава можност да креирате профил на Платформата. Создавањето профил се заснова на ваша согласност. Можете да ја повлечете вашата согласност и/или да ја избришете вашиот кориснички профил со контактирање Офицер за застита на личните податоци. Повлекувањето или бришењето на вашиот кориснички профил може да има негативни последици врз вашето корисничко искуство. Следниве лични податоци се обработуваат во врска со вашиот кориснички профил:

- Податици за контакт (број на телефон и е-маил адреса)
- Име и презиме (доколку сте го навеле)
- Податоци за адреса/и за достава

**7. Маркетинг**

Исто така ги обработуваме личните податоци на корисниците за да можеме да им испраќаме (персонализирани) маркетинг пораки и нотификации. Ваквите пораки ги вклучуваат најновите вести, попусти и новости за новите ресторани (по електронска пошта или пуш-нотификации), без оглед на форматот кој го користиме за споделување на вакви видови пораки (вклучувајќи мејл или пуш-нотификации).

Ги обработуваме следните лични податоци за маркетинг цели:

- Корисничко име (доколку е наведено од страна на корисникот)
- Податици за контакт (број на телефон и е-маил адреса)
- Податоци за адресите за достава
- Податоци за нарачка и трансакција
- ID на уред

**8. Автоматизирано донесување одлуки и профилирање**

Со цел да ја извршиме задачата што ни ја дадовте, односно испорака на нарачаниот производ и со цел да ја подобриме нашата Платформа, КОРПА користи автоматизирано донесување одлуки и профилирање. На пример, КОРПА ги користи вашите адресни податоци и/или податоци за локација за избор на достапни ресторани во вашата близина.

**9. Спречување на измама**

Ние исто така обработуваме лични податоци за да спречиме измама и други форми на злоупотреба на и преку нашите Услуги. Правната основа за оваа операција на обработка е дека е потребна за следење на легитимен интерес на КОРПА ДОО (спречување на измама) како што е дефинирано во Законот за заштита на лични податоци. Личните податоци кои се обработуваат за целите на спречување измами се:

- Име (доколку е наведено од страна на корисникот)
- Податици за контакт (број на телефон и/или е-маил адреса)
- Податоци за нарачка и трансакција
- Податоци за плаќање

**10. Анализа**

КОРПА ДОО ги користи вашите лични податоци за да може да ги исполни нашите обврски за известување кон огласувачите и да може да ја подобри нашата веб-страница и нашата палета на производи и услуги. Правната основа за оваа операција на обработка е дека е потребна за следење на легитимен интерес на КОРПА ДОО (анализа и известување) како што е дефинирано во Законот за заштита на лични податоци. Секогаш ќе се погрижиме извештаите да не содржат никакви лични податоци за да не може да се следи информацијата до вас.

## *4. Како ги чуваме Вашите лични податоци*

**КОРПА ДОО** ги презема сите технички и организациски мерки за обезбедување највиско ниво на тајност и на заштита на обработката на Вашите лични податоци со кои располага, заради спречување неовластен пристап, неовластено откривање или евентуална злоупотреба на нив. Пристапт до Вашите лични податоци е ограничен на

оние вработени за кои сметаме дека имаат реална потреба да дојдат во контакт со тие податоци заради остварување на целта за која се дадени.

Вработените во организацијата имаат потпишано Изјава за обезбедување тајност и заштита на личните податоци и се обврзани да ги чуваат и да се однесуваат со Вашите податоци како со информации од доверлива природа.
Вашите лични податоци не се споделуваат со трети лица и се користат исклучиво за цели на функционирање на бизнисот. Освен во случај на ангажирање даватели на услуги, доколку **КОРПА** ги ангажира како обработувачи, со што ќе бидат обврзани да постапуваат според упатствата на **КОРПА** и да обезбедат заштита на личните податоци што се обработуваат при обезбедување на тие услуги, во согласност со апликативните законски прописи за заштита на личните податоци.
Ние нема да ги пренесеме Вашите лични податоци на трети страни во каква било форма, освен ако не добиеме Ваша согласност или ако сме законски обврзани да го сториме тоа. **КОРПА** задржува контрола над употребата на овие податоци.

**Споделување со ресторани и специјализирани продавници**
Доколку нарачате преку нашата Платформа, КОРПА ќе ги сподели вашите лични податоци (ИД на нарачка, податоци за адреса за достава, телефонски број) со ресторанот или специјализирана продавница што го избравте. Причината поради која ги споделуваме овие податоци со Партнерите е можност за брза реализација на вашата нарачка во случај на можни промени во нарачката или недостапноста на нарачаниот производ.

**Споделување со други**
КОРПА може да работи со други компании во рамките на групацијата КОРПА и други трети страни со цел да се изврши обработката опишана погоре и/или да се усогласи со законските обврски.

Овие компании кои се составен дел од КОРПА групацијата и трети страни ќе ги обработуваат Вашите лични податоци во наше име (како обработувачи на податоци) или како автономни контролори на податоци и ќе имаат пристап до Вашите лични податоци за целите опишани во ова политика за приватност. Бараме од компаниите на групацијата КОРПА и третите страни да ги заштитат Вашите лични податоци во согласност со стандардите наведени во ова политика за приватност и преземаме соодветни мерки во согласност со важечкиот закон за заштита на податоците за да гарантираме исто ниво на заштита и доверливост.
Ние, ќе ги споделиме Вашите податоци со други контролори на податоци од трета страна, онаму каде што е соодветно, тоа го бара важечкиот Закон, регулатива (вклучувајќи судски налог) или кога веруваме дека откривањето е неопходно за усогласување со законските обврски, за остварување, воспоставување или одбрана на законските права. Таквите контролори од трета страна може да вклучуваат агенции за спроведување на законот.

Вашите лични податоци може да се споделат со следните страни:

- Компании на групацијата КОРПА
- Провајдери на софтвер
- Партнери за имплементација (даватели на лиценца)
- Даватели на услуги за плаќање и картички
- Професионални советници
- Спроведување на законот, регулаторни тела и/или владини агенции
- Потенцијални купувачи

## *5. Рокови за чување на Вашите лични податоци*

Вашите податоци ќе се чуваат само онолку колку што е потребно за да се исполнат сите горенаведени цели. Вашите лични податоци нема да се чуваат во форма што дозволува да бидете идентификувани подолго отколку што е потребно за да се постигне целта за која се собрани или обработувани. **КОРПА** чува одредени лични податоци во согласност со временските рокови пропишани со закон или со интерните акти на друштвото и само во траење кое е потребно за остварување на целта заради која се собрани.

Доколку сте дале согласност, ние ќе ги обработуваме Вашите лични податоци се додека не ја повлечете согласноста. Кога ќе се исполни целта заради која се обработуваат личните податоци на субјектот, тие ќе бидат избришани и во случај кога субјектот не побарал повлекување на дадената согласност. Доколку направите основан приговор за обработка на личните податоци, заснован на легитимен интерес, ние нема да ги обработуваме Вашите лични податоци во иднина. Доколку се поведат судски, административни или вонсудски постапки, личните податоци може да се чуваат до крајот на таквата постапка, вклучувајќи го и можниот период за поднесување правни лекови.

## *6. Кои се Вашите права?*

**КОРПА ДОО** гарантира остварување на сите Ваши законски права во врска со обработката на Вашите лични податоци. Вие во секој момент имате право да побарате од **КОРПА**:

**право на пристап** – право да поденсете Барање за пристап до своите лични податоци, односно да добиете информација за податоците што се обработуваат за Вас и да проверите дали се тие точни и ажурирани,

**право на исправка** – доколку откриете дека вашите лични податоци што ги обработува **КОРПА** не се точни или не се целосни, имате право да побарате нивна исправка,

**право на бришење** – право да побарате од **КОРПА** да ги избрише вашите лични податоци под одредени услови утврдени со закон;

**право на ограничување на обработката** – право да побарате **КОРПА** да ја ограничи обработката на вашите лични податоци под одредени услови утврдени со закон;

**право на преносливост на податоците** – право да ги добиете своите лични податоци во структуриран, вообичаено користен и машински читлив формат и да ги пренесете на друг обработувач, без попречување од **КОРПА.**

**право на приговор** – право на приговор врз основа на конкретна ситуација доколку обработката на вашите лични податоци се заснова на легитимен интерес или се врши за цели на директен маркетинг и за профилирање поврзано со директниот маркетинг, под одредени услови утврдени со закон и

**право на повлекување на согласноста** – имате право да ја повлечете својата согласност за користење на вашите лични податоци во секое време. Повлекувањето на согласноста не влијае врз законитоста на обработката, врз основа на согласноста пред нејзиното повлекување.

**Доколку сакате да ги остварите горенаведените права што произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци или имате дополнителни прашања поврзано со обработка на вашите лични податоци, обратете се до Офицерот за заштита на лични податоци електронски, или испратете барање до поштенската адреса наведена подолу:**

**Друштво за трговија и услуги КОРПА ДОО Скопје,**

**Ул. 1732 бр.4/ламела Б-лево Скопје - Центар**
**За Офицерот за заштита на лични податоци**
**Елена Тофиловска**
Или **на електронската адреса на Офицерот за заштита на личните податоци**: elena.tofilovska@control.mk

Со цел да ви го дадеме потребниот одговор, ве молиме да ги наведете следниве информации:

- име на веб-страницата на која се повикувате;
- ваша врска и интеракција со нас и
- опис на барањето/информациите што би сакале да го/ги добиете од нас.

Доколку сметате дека обработката на вашите лични податоци од страна на **КОРПА** не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци или, пак, доколку сметате дека е повредено некое ваше право за заштита на личните податоци, имате право да поднесете барање за утврдување на прекршувањето на прописите за заштита на личните податоци преку Агенцијата за заштита на личните податоци.

## *7. Пренос на лични податоци во трети земји*

Ве известуваме дека Личните податоци при техничката обработка и споделувањето со трети страни може да се пренесуваат и во трети земји. Преносот на личните податоци во трети земји од страна на КОРПА се врши со целосно почитување на одредбите од Законот за заштита на личните податоци за пренос на лични податоци. КОРПА не е

одговорен за начинот на пренос на податоците од страна на трети лица и мрежи. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци. Исто така, се обезбедуваат сите неопходни заштитни мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци преку стандардни клаузули за заштита на личните податоци кои се одобрени и објавени од страна на Европската комисија.

Дел од Личните податоци на корисниците можат да бидат откриени, пренесени, складирани, обработени или користени од трети страни, т.е. мајки фирми на компании со кои КОРПА соработува, а кои се надвор од територија на Република Северна Македонијана. Преносот се врши со цел подобрување на услугите и производите на ресторани или сепцијализирани продавници и целите за директен маркетинг. Податоци кои ќе бидат пренесувани се: име, адреса за испорака, информации за контакт (телефон и е-маил), причина и исход од поплаките од клиентот, карактеристики на корисничкиот уред ( производител, модел, верзија на оперативниот систем, идентификатор на уред, мобилен оператор) генерирани како дел од личните податоци кои ги обработува Корпа за време на обезбедување на услугите, вклучувајчи: информации за префернециите и нарачката на Клиентот (листа на прозиводи во нарачката, нивната цена, целно време на испорака, датум и време на секоја фаза од испораката).

## *8. Ажурирање на Политиката за приватност*

Можеме да ја ажурираме оваа Полтика за приватност од време на време, со цел да ги одразиме, на пример промените во нашите практики или од други оперативни, правни или регулаторни причини. Сите измени на оваа Политика ќе бидат јавно објавени.

***Управата на КОРПА гарантира за Заштитата на личните податоци на вработените и на субјектите до чии податоци има пристап и изјавува дека ќе се придржува до имплементираните технички и организациски мерки!***

***Последно ажурирање: 17.07.2023***